За што се наменети средствата на граѓанските организации во Македонија?

Намена на финансиските средства на граѓанските организации од рурална и од урбана општина

Центар за економски анализи – ЦЕА

Ана Марија Петровска
Марјан Николов

април 2018

Оваа публикација е изготвена во рамките на проектот:

„Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество“

имплементиран од Центарот за економски анализи - ЦЕА

Поддржано од грант на CIVICA MOBILITAS

Оваа публикација е овозможена со поддршка на CIVICA MOBILITAS во рамките на проектот „Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество“ имплементиран од Центарот за економски анализи.

„Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за економски анализи и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на CIVICA MOBILITAS, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.“

Другите автори се должни да го наведат ова истражување ако е користено или ги информирало за нивните истражувања и публикации.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351:657.47(497.7)(047.31)

ПЕТРОВСКА, Ана Марија
За што се наменети средствата на граѓанските организации во Македонија? : намена на финансиските средства на граѓанските организации од рурална и од урбана општина / Ана Марија Петровска, Марјан Николов. - Скопје : Центар за економски анализи-ЦЕА, 2018. - 19 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4731-48-1
1. Николов, Марјан [автор]
а) Граѓански организации - Финансиски средства - Намена - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 107223050

Содржина

Резиме..... 5

Вовед..... 7

Методологија, пристап и алатки 8

Методолошки ограничувања 9

Генерални податоци за граѓанските организации и опсег на дејствување 9

Извори на финансирање на граѓанските организации..... 11

За што се наменети средствата на ГО од различните извори на финансирање? 12

Финансиска поддршка на граѓанските организации од централната власт 12

Финансиска поддршка на граѓанските организации од локалната власт 14

Финансиска поддршка на граѓанските организации од странски донатори 17

Препораки..... 19

Листа на кратенки

ГО – Граѓанска организација

ЕЛС – Единица на локална самоуправа

ЛВ – Локална власт

МЦМС – Македонски центар за меѓународна соработка

РМ – Република Македонија

ЦЕА – Центар за економски анализи

ЦВ – Централна власт

Резиме

- Во согласност со регионалниот преглед на испитаниците според типот на ЕЛС (урбана/рурална), 42 % од испитаните ГО се регистрирани во урбана ЕЛС и се од Скопскиот регион.
- Граѓанските организации со седиште во рурална ЕЛС дејствуваат на локално ниво, имаат мал човечки капацитет, мал буџет и се слабо вмрежени со други организации. Оттука, може да заклучиме дека малиот одзив на организациите регистрирани во рурални ЕЛС е последица на ограничените можности за вмрежување, слабата информираност и немотивираност за активно работење поради високата концентрација на донаторите во Скопскиот регион.
- Според географското подрачје на дејствување на ГО, најголем дел од ГО или 42 % дејствуваат на национално ниво, а најмал дел или 8 % дејствуваат исклучиво во општината во која се регистрирани.
- Бројот на ГО што не располагаат со буџет или нивниот буџет изнесува 0, во 2015 година во однос на 2014 година, се намалува.
- Најголем дел од ГО имаат ниски приходи и нивниот буџет се движи до 1 милион денари годишно.
- Во 2015 и 2016 година се намалува бројот на ГО што имаат ниски приходи, но истовремено се намалува и бројот на ГО кои имаат високи приходи, што укажува на тоа дека приходите на ГО се распределени во категориите од 1 милион до 10 милиони денари.
- Средствата од странските донатори се најмногу застапени во годишните сметки на ГО (над 80 %) и нивното учество во вкупните приходи на ГО во периодот од 2014 до 2016 година се зголемува.
- Средствата од централната и од локалната власт заземаат најмало учество во годишните сметки на ГО, а тие во 2015 година се намалени во однос на претходната година, додека во 2016 година учеството останува непроменето.
- Процентуалното учество на средствата од самофинансирачки активности останува непроменето со текот на годините и изнесува 7 %.

Финансиска поддршка на граѓанските организации од централната власт

- Централната власт во периодот од 2014 до 2016 година има доделено вкупно 11 грантови на 7 од испитаните граѓански организации во вкупен износ од 4.998,311 денари.
- Најголем процент од средствата што ги доделува од централната власт, а се наменети за ГО, се доделуваат преку Владата на РМ (Генерален секретаријат) како државна институција.
- Ако го следиме текот на средствата што се доделени од централната власт, тие се најчесто наменети за активности што се застапени во урбана средина, и тоа најчесто во Скопскиот регион.
- Централната власт најчесто им дава грантови на ГО за проектни активности што се во областите: транспарентност и отчетност, култура, антикорупција и образование, наука и истражување.

Финансиска поддршка на граѓанските организации од локалната власт

- Граѓанските организации што имаат добиено поддршка од ЕЛС, наведуваат дека ЕЛС најмногу ги подржуваат за проект/акција, а помалку даваат институционална поддршка и кофинансирање.
- 19 % од испитаните ГО имаат добиено грант од локалната власт во периодот од 2014 до 2016 година и најчесто тие организации добиваат грант во континуитет. Просечниот износ на грантот што ѝ го доделила локалната власт на една ГО изнесува 225.305 денари.
- Од друга страна, 41 % од ГО што **добиле поддршка од ЕЛС** наведуваат дека ЕЛС објавува јавен повик и целиот процес е транспарентен, а исто толку го делат мислењето дека процесот не е транспарентен и критериумите не се доволно познати.
- Граѓанските организации што добиле поддршка од ЕЛС се регистрирани во урбана ЕЛС. Единиците на локалната самоуправа ги поддржуваат активностите што се однесуваат на локално ниво, односно средствата се наменети за локалните урбани средини.
- Единиците на локалната самоуправа најчесто ги поддржуваат ГО за проектни активности од области на: културата, развојот на граѓанското општество, децата, младите и студентите и родовите прашања.

Финансиска поддршка на граѓанските организации од странските донатори

- Средствата од странските донатори не само што заземаат наголемо учество во буџетите на ГО, туку во периодот од 2014 до 2016 година процентуално се зголемуваат и во 2016 година учеството на странските донатори во вкупните приходи на ГО изнесува 86 %.
- Највисокиот износ на приходи на ГО од странски донатори (кумулативно од сите странски донатори) што се јавува во годишната сметка на ГО во 2016 година изнесува 23.092,265 денари, додека најнискиот износ изнесува 61.500 денари.
- Во 2016 година, 75 % од испитаните ГО имаат добиено поддршка од странски донатор/и, од кои 20 % имаат диверзифицирано портфолио, при што покрај странските донатори, како извори на финансирање се јавуваат централната власт и/или локалната власт, самофинансирачките активности, бизнис-секторот и друго.

- Во периодот од 2014 до 2016 година, странските донатори најмногу ги поддржале ГО за проектни активности за развој на граѓанското општество, транспарентност и отчетност, демократија и владеење на правото.

Вовед

Ова истражување претставува студија на случај и е дел од проектот „Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество“ што го спроведува Центарот за економски анализи, а е финансиски поддржан од Цивика Мобилитас.

Следствено на резултатите од претходните истражувања[1], во рамките на овој проект, се утврди дека децентрализираното влијание на ГО зависи не само од регионалните разлики, туку и од урбаните или руралните единици на локалната самоуправа (ЕЛС)[2] како околина за дејствување на граѓанските организации (ГО)[3], т.е. за финансирањето здруженија на граѓани и фондации статистички е важен типот на ЕЛС, односно дали е урбана ЕЛС. Ако е урбана ЕЛС, здруженијата и фондациите имаат повисока веројатност да бидат финансирани од ЕЛС.

Според податоците од Централниот регистар на РМ, во април 2018 година, во Република Македонија има вкупно 8.924 регистрирани граѓански организации (од кои 8.780 здруженија и сојузи и 144 фондации), наспроти 2015 година, кога бројот на регистрирани организации изнесувал 14.245[4]. Ова укажува дека бројот на регистрирани граѓански организации во РМ сè повеќе се намалува со годините. Бидејќи регистарот не ја одразува точно состојбата, како активни организации во истражувањето се третираат оние што поднеле завршна сметка или изјава. Така, бројот на активни ГО во 2017 година изнесува 67 % од вкупниот број регистрирани ГО.

Финансиската одржливост на граѓанските организации во Република Македонија главно почива на извори од странски донатори, додека *финансиската околина на граѓанското општество во Македонија во 2017 година остана речиси непроменета, што за ГО значи неповолна околина за нивното дејствување и развој, како и ограничување на потенцијалот*[5]. Така, граѓанските организации ги наменуваат средствата од странските донатори за области што се дефинирани како приоритетни од донаторите и не секогаш ги отсликуваат реалните потреби на руралните

---

[1] *Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество* <https://goo.gl/1x76fX>. *Перцепција на граѓанските организации за степенот на развој на граѓанското општество во Македонија* <https://goo.gl/WPcTke>. *Регионална нееднаквост во развојот на граѓанското општество* <https://goo.gl/sNX8Uv>

[2] Во ова истражување наизменично ќе ги користиме термините Единица на локална самоуправа, Локална власт и општина како синоними заради едноставност. Онаму каде што е потребно, заради формалност и заради контектстот, ќе бидат јасно разграничени овие поими.

[3] Во ова истражување наизменично ќе ги користиме термините граѓански здруженија, граѓански организации (ГО), здруженија на граѓани, фондации и невладини организации како синоними заради едноставност. Онаму каде што е тоа потребно, заради формалноста и заради контекстот, ќе бидат јасно разграничени овие поими.

[4] http://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/PredlogStrategija2018-2020_11.4.2018.pdf

[5] http://www.mcms.org.mk/images/docs/2018/izveshtaj-za-sledenje-na-ovozmozhuvachkata-okolina-za-razvoj-na-go-vo-Makedonija-vo-2017.pdf

средини. Граѓанските организации што се регистрирани во рурални ЕЛС имаат ограничени можности за прибирање финансиски средства бидејќи често се соочуваат со ограничување при прибирањето средства за активности кои се неопходни во одредена област во руралните средини бидејќи приоритетните области за странските донатори не секогаш се насочени кон решавање на конректните предизвици во руралните средина. Случајот со намената на средствата од Централната власт наменети за ГО е речиси идентичен. Централната власт доделува средства за ГО, при што приоритетите кои се дефинирани се направени за потребите на ниво на државата, а помалку се става фокус на руралните средини.
Локалната власт како институција која е директно запознаена со потребите на заедницата не располага со доволно финансиски средства за да може да ги намени за развој на граѓанското општество, а со тоа и за подобрување на општата благосостојба на граѓаните во руралните средини.

Најголема сконцентрираност на ГО има во Скопскиот регион, како и во урбаните средини, што претставува причина и за нискиот степен на децентрализација, а уште повеќе за децентрализирано влијание на ГО. Оваа студија на случај има за цел да идентификува дали типот на ЕЛС (урбана/рурална) претставува ограничувачки фактор во развојот на ГО преку финансиска поддршка и колку од финансиските средства на ГО од различни извори се наменети за урбани или за рурални средини.

Методологија, пристап и алатки

Врз основа на досегашните истражувања преку мерење на перцепцијата на ГО, како и преку економетриска панел-анализа, типот на ЕЛС, односно дали е урбана или рурална, влијае при доделувањето финансиска поддршка на локалните ГО. Оттука, оваа студија на случај се фокусира на следните истражувачки прашања:

1. Дали типот на ЕЛС (урбана/рурална) претставува ограничувачки фактор за развојот на ГО со финансиска поддршка на долг рок?
2. Дали финансиските средства на ГО по извор и по сектор, без разлика на локацијата на ГО, се наменети за урбани или за рурални средини (до кој степен и за која цел)?

Истражувањето се базира со спроведување структуриран електронски прашалник како инструмент за прибирање примарни податоци, развиен во 2017 година во системот на www.surveymonkey.com. Прашалникот беше директно испратен до повеќе од 260 ГО, односно до сите грантисти на Цивика Мобилитас и сите останати контакти на Центарот за економски анализи (ЦЕА) во четири обиди поради малиот одзив на организациите во периодот од ноември 2017 до февруари 2018 година. Добиени беа одговори од 67 организации регистрирани согласно со Законот за здруженијата и фондациите.
Дополнително, како секундарни податоци, се користат национални документи што се однесуваат на граѓанското општество, како и истражувања на ГО.

Со цел добивање квалитетни одговори, за потребите на ова истражување се користеше структуриран прашалник што ги опфати следните области:

1) Генерални и демографски податоци за ГО,

2) Извори на финансирање на ГО,
3) Намена на финансиските средства на ГО.

Во истражувањето, вкупниот износ на сите одговори во одделни графикони е поголем/помал од 100 % поради неприменливост на одредени прашања и заокружување на цел број во поединечните проценти на одговорите, со цел поедноставување на претставувањето на резултатите.

Побараните финансиски податоци од годишните завршни сметки на ГО се однесуваат за 2014, 2015 и 2016 година бидејќи во периодот на спроведување на прашалникот законската обврска за поднесување годишни завршни сметки на ГО за 2017 година сè уште не беше помината.

Методолошки ограничувања

Прибирањето податоци за подготовка на анализата за намена на финансиските средства на ГО од секундарни и примарни извори на податоци беше проследено со одредени ограничувања. Во периодот на спроведување на истражувањето, добивањето на листата на организации што се регистрирани во ЦРМ се наплатуваше, но и покрај тоа Регистарот на здруженија и фондации не нуди преглед на организации регистрирани по општина.

Согласно со ова, преку електронскиот прашалник се добиени одговори од ограничен број организации од базата на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Центарот за економски анализи (ЦЕА) и од оние што имаат пристап до интернет. Токму поради малиот одзив, прашалникот беше директно доставен во четири обиди до истите организации, кои последователно беа и телефонски контактирани.

Во однос на одговорањето на прашалникот, ГО не ги поткрепија сите одговори со соодветни факти, што е разбирливо, имајќи ја предвид чувствителната природа на дел од прашањата.

Генерални податоци за граѓанските организации и опсег на дејствување

Примерокот опфаќа 67 граѓански организации (ГО) регистрирани согласно со Законот за здруженијата и фондациите[6], од кои 66 организации се здруженија на граѓани и 1 организација е фондација.

Прашалникот е дистрибуиран до повеќе од 260 ГО регистрирани во урбани и во рурални ЕЛС во Република Македонија, додека одговори се добиени само од 67 ГО, од кои 65 се регистрирани со седиште во урбана ЕЛС и само 2 ГО се регистрирани во рурална ЕЛС.

6 http://www.pravda.gov.mk/documents/%EF%F0%E5%F7%E8%F1%F2%E5%ED%20%F2%E5%EA%F1%F2%20%E7%E0%EA%EE%ED%20%E7%E0%20%E7%E4%F0%F3%E6%E5%ED%E8%BC%E0%20%E8%20%F4%EE%ED%E4%E0%F6%E8%E8.pdf

Ако направиме регионален преглед на испитаниците според типот на ЕЛС (урбана/рурална), може да забележиме дека 42 % од организациите се регистрирани во урбана ЕЛС и се од Скопскиот регион. Само две организации се регистрирани во рурална ЕЛС и тоа една од Полошкиот регион и една од Скопскиот регион.

График 1. Регионален преглед на испитиници според типот на ЕЛС

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Според географското подрачје на дејствување на ГО, најголем дел од ГО или 42 % дејствуваат на национално ниво, а најмал дел или 8 % дејствуваат исклучиво во општината во која се регистрирани.

Граѓанските организации со седиште во рурална ЕЛС дејствуваат на локално ниво, имаат мал човечки капацитет, мал буџет и се слабо вмрежени. Оттука, може да заклучиме дека малиот одзив на организациите регистрирани во рурални ЕЛС е последица на ограничените можности за вмрежување, слабата информираност и немотивираност за активно работење поради високата концентрација на донаторите во Скопскиот регион.

График 2. Географско подрачје на дејствување на граѓанските организации



Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Бројот на ГО што не располагаат со буџет или чиј буџет изнесува 0, во 2015 година во однос на 2014 година, се намалува. Имено, во 2014 година, 70 % од ГО имаат наведено износ за нивниот буџет, во 2015 година – 76 %, додека во 2016 година 88 % од испитаните ГО го имаат наведено буџетот. Иако перцепцијата на ГО е дека има сè помалку расположливи средства од странски донатори, сепак наведените финансиски податоци укажуваат дека се намалува бројот на ГО кои немаат финансиски средства и работат исклучиво волонтерски.

График 3. Висина на буџетот на граѓанските организации во РМ во периодот 2014 – 2016 година



Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Она што може да го забележиме од графикот е дека најголем дел од ГО имаат ниски приходи и нивниот буџет се движи до 1 милион денари годишно. И покрај тоа што бројот на ГО кои имаат ниски приходи е најголем во 2014 година, во истата таа година бројот на ГО кои имаат високи приходи е најголем во споредба со останатите години. **Оттука, во 2015 и 2016 година се намалува бројот на ГО кои имаат ниски приходи, но истовремено се намалува и бројот на ГО кои имаат високи приходи, што укажува на тоа дека приходите на ГО се распределени во категориите од 1 милион до 10 милиони денари.** Ако ги разгледуваме изворите на финансиските средства што се јавуваат во годишните сметки на ГО, може да се утврди дека средствата од странските донатори се најмногу застапени во годишните сметки на ГО (над 80 %). Имено, учеството на странските донатори во вкупните приходи на ГО, во периодот од 2014 до 2016 година се зголемува.

Средствата од централната и локалните власти заземаат најмало учество во годишните сметки на ГО, а тие се намалени во 2015 година во однос на претходната година, додека во 2016 година учеството останува непроменето.

Процентуалното учество на средствата од самофинансирачки активности останува непроменето со текот на годините и изнесува 7 %. Исто толку се движат во просек и приходите од бизнис-секторот, приходите од вршење услуги и сл.

График 4. Извори на финансиски средства кои се јавуваат во годишните буџети на граѓанските организации



Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

За што се наменети средствата на ГО од различните извори на финансирање?

Финансиска поддршка на граѓанските организации од централната власт

Централната власт како извор на финансирање на граѓанските организации е релативно слабо застапена во буџетите на организациите. Средствата од централната власт не само што заземаат најмало учество во годишните сметки на ГО, туку и се намалуваат и, во просек, нивното учество изнесува 1,5 % во периодот од 2014 до 2016 година.

Имено, централната власт во периодот од 2014 до 2016 година има доделено вкупно 11 грантови на 7 од испитаните граѓански организации во висина од 4.998.311 мкд.

На следниот график може да забележиме дека најголем процент од средствата што ги доделува од централната власт, а се наменети за ГО, се доделуваат преку Владата на РМ (Генерален секретаријат) како државна иституција. Други државни иституции кои им доделиле грантови на ГО се: Министерството за култура, Министерството за животна средина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

График 5. Колку средства има издвоено централната власт за испитаните граѓански организации во текот на 2014 до 2016 година

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Ако го следиме текот на средствата што се доделени од централната власт, најчесто се наменети за активности кои се застапени во урбана средина, и тоа најчесто во Скопскиот регион. Од друга страна, пак, единствено средствата што ги доделило Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ГО се за активности кои се најчесто наменети за руралните средини.

График 6. Каде се наменети средствата кои централната власт им ги доделила на граѓанските организации?

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Ако го следиме текот на средствата за која област на дејствување се наменети, може да се забележи дека централната власт најчесто дава грантови на ГО за проектни активности кои се во областа на: транспарентноста и отчетноста, културата, антикорупцијата и образованието, науката и истражувањето.

График 7. Област на дејствување во која се наменети средствата од граѓанските организации

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Финансиска поддршка на граѓанските организации од локалната власт

Локалната власт, исто како и централната власт, како извор на финансирање на граѓанските организации е релативно слабо застапена во годишните сметки на организациите. Средствата од ЕЛС не само што заземаат најмало учество во годишните сметки на ГО, туку имаат и тренд на опаѓање.

Имено, 19 % од испитаните ГО имаат добиено грант од локалната власт во периодот од 2014 до 2016 година и најчесто истите организации добиваат грант во континуитет. Просечниот износ на грант што ѝ го доделила локалната власт на една ГО изнесува 225.305 денари.

Граѓанските организации кои имаат добиено поддршка од ЕЛС наведуваат дека ЕЛС најмногу ги подржуваат за проект/акција, а помалку даваат институционална поддршка и кофинансирање.

Генерално, најголем дел од ГО (38 %) наведуваат дека ЕЛС објавуваат јавен повик, но целиот процес не е транспарентен. Од друга страна, пак, 24 % од ГО наведуваат дека ЕЛС објавуваат јавен повик и целиот процес е транспарентен, а исто толку ГО навеле дека не се запознаени дали ЕЛС објавува јавен повик за доделување финансиска поддршка на ГО.

Од друга страна, 41 % од ГО кои **добиле поддршка од ЕЛС** наведуваат дека ЕЛС објавува јавен повик и целиот процес е транспарентен, а исто толку делат мислење дека процесот не е транспарентен и критериумите не се доволно познати.

Транспарентноста на ЕЛС во постапката за доделување финансиска поддршка на ГО

Добри практики:

- *Општина Штип за прв пат во 2018 година објави **јавен повик** за доделување финансиска поддршка за ГО;*
- *Општина Крива Паланка за прв пат во 2018 година објави **транспарентен** јавен оглас за доделување финансиска поддршка на ГО;*

Лоши практики:

- *Општина Теарце досега не објавувала и не доделувала финансиска поддршка за ГО, но во завршната сметка на општината постојано биле презентирани трошења.*

Граѓанските организации кои добиле поддршка од ЕЛС се регистрирани во урбана ЕЛС. Единиците на локалната самоуправа ги поддржуваат активностите кои се однесуваат на локално ниво, односно средствата се наменети за локалните урбани средини. Двете организации што се регистрирани во рурална ЕЛС немаат добиено финансиска поддршка од локалната ЕЛС.

График 8. Средина (урбана/рурална) во која се наменети средствата од локалната власт

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Најголем дел од ЕЛС кои доделиле средства на некои од испитаните ГО се од Скопскиот регион. Во прилог даваме приказ за ЕЛС кои доделиле финансиска поддршка на ГО согласно со бројот на доделени грантови на ГО. Она што може да забележиме е дека Општина Битола во периодот од 2014 до 2016 година има доделено финансиска поддршка на 3 од испитаните ГО, по еден грант врз годишна основа или вкупно 9 грантови. Општините Аеродром и Струмица имаат доделено по 6 грантови, и тоа и во двете општини 2 ГО добиле по еден грант врз годишна основа.

Слика 1. Единици на локалната самоуправа кои доделиле финансиска поддршка на испитаните граѓански организации според бројот на доделените грантови



Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Дополнително, ако го следиме текот на средствата за која област на дејствување се наменети, може да се забележи дека ЕЛС најчесто ги поддржуваат ГО за проектни активности кои се во областа на: културата, развојот на граѓанското општество, децата, младите и студентите и родовите прашања.

График 9. Област на дејствување во која се наменети средствата на граѓанските организации доделени од единиците на локална самоуправа

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Финансиската одржливост на граѓанските организации во Македонија во најголема мера се заснова на странските донатори. Добиените податоци уште еднаш го потврдуваат фактот дека учеството на странските донатори е најголемо во буџетите на ГО.

Средствата од странските донатори не само што заземаат наголемо учество во буџетите на ГО, туку во периодот од 2014 до 2016 година процентуално се зголемуваат и во 2016 година учеството на странските донатори во вкупните приходи на ГО изнесува 86 %. Имено, највисокиот износ на приходи на ГО од странски донатори (кумулативно од сите странски донатори) што се јавува во годишната сметка на ГО во 2016 година изнесува 23.092.265 денари, додека најнискиот износ изнесува 61.500 денари.

Табела 1. Највисок и најнизок износ на средства од странски донатори во периодот 2014 – 2016 година

	2014	**2015**	**2016**
Највисок износ на средства од странски донатори	19.117.563	21.456.207	23.092.265
Најнизок износ на средства од странски донатори	27.675	60.000	61.500

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Исто како и кај другите извори на финансирање, така и кај странските донатори, средствата што им ги доделуваат на ГО се наменети за проектни активности кои се спроведуваат во урбаните средини, што значи дека крајните корисници се граѓаните од урбаните средини, а помалку од руралните средини.

Во 2016 година, 75 % од испитаните ГО имаат добиено поддршка од странски донатор/и, од кои 20 % имаат диверзифицирано портфолио , при што покрај странските донатори, како извори на финансирање се јавуваат централната власт и/или локалната власт, самофинансирачки активности, бизнис-секторот и друго.

График 10. Средината во која се наменети средствата од странски донатори



Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Во периодот од 2014 до 2016 година, странските донатори најмногу ги поддржале ГО за проектни активности за развој на граѓанското општество, транспарентност и отчетност, демократија и владеење на правото. На следниот график може да се забележи во кои области на дејствување на ГО странските донатори доделиле поддршка во периодот од 2014 до 2016 година.

График 11. Област на дејствување во која се наменети средствата на граѓанските организации доделени од странски донатори

Извор: Пресметка на авторот со податоци од електронски прашалник

Препораки

- Потребно е приоритизирање на областите од странските донатори и ЦВ за доделување средства на ГО од руралните средини за адресирање на проблемите во заедницата согласно со своите мисии и цели на постоење.

- Потребно е институционално, финансиско и административно зајакнување на ГО кои дејствуваат во помалите ЕЛС и во руралните средини и нивна проактивност во вмрежување со други ГО.

- Потребно е поефикасно буџетско планирање на централната власт за средствата наменети за граѓанските организации, како и поголема финансиска поддршка на ГО од руралните средини.

- Потребна е континуирана соработка на ЕЛС со локалните ГО во делот на утврдување на приоритетните области на општината.

- Потребно е поефикасно планирање на средствата што им ги доделува ЕЛС на локалните ГО, кои ќе имаат карактер на долгорочност во опстанокот и одржливоста на ГО.